Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 537 www.mchamber.mk 07.7.2023

# ЦЕЛОСНО ДА СЕ СТОПИРА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА СОЛИДАРНОСТ






## ЗГОЛЕМЕН ИНТЕРЕС ЗА УПИС ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ



## ВРСКАТА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И БИЗНИС СЕ ЗАЦВРСТУВА

**Календар на настани во организација на комората**

12.07.2023, Семинар Сајбер-безбедност и заштита на податоци

14.07.2023, Семинар Канцелариско работење во excel 2016 и примена на вештачка интелигенција

17.07.2023, Семинар Совладување на бизнис аналитиката: отклучување на моќта на податоците за конкурентска предност

18.07.2023, Семинар Прекршоци во работните односи, нивно избегнување и користење контролен лист како превентивна алатка, прекувремена работа: воведување, плаќање и преглед на измени на зро, прераспределба и распоредување на работното време

25.07.2023, Online бизнис средби Конференција и деловни средби „connecto 2022"-интера-технолошки парк, мостар

26.07.2023, Семинар Законски процедури за изградбата на фотонапонски електрани

27.07.2023, Семинар Управување со заминувања и отсуства на вработените -(fluctuation & absence management)
28.07.2023, Семинар Основи на менторство: улога на ментор и процес на менторство во интеграција на новите вработени

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

GRANIT EVN vitaminka T

IGM trade Gulf МЕПСО NLB Banka

ПЕКАБЕСКО КОЖУВЧАНКА nextsense MERMEREN Kombinat

СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES OKTA ZAN MITREV CLINIC CROATIA OSIGURANJE

HALKBANK СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ Duna Comodita HOME seavus www.seavus.com

СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB Swisslion COLENCO

VEZESHARRI AllianceOne






Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# РЕДОВНА СЕДНИЦА НА ГРУПАЦИЈАТА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА



Компаниите од Групацијата на обновливи извори на енергија одржаа седница на која разговараа за актуелната состојба со обновливите извори на енергија, предизвиците, но и можностите за имплементација на обновливите извори со цел различни форми на искористување на нивниот потенцијал.

Седницата ја водеше претседателот на групацијата, Тодор Анѓушев, кој пред присутните ги презентираше коморските активности и ангажмани во рамки на Работната група која работи на измени на легислативата за овозможување на изградба на батериски системи за складирање на енергија. Членките на групацијата, како засегнати страни споделија мислења и предлози кои понатаму ќе бидат разговарани со надлежните институции.

Имајќи предвид дека компаниите-членки на оваа групација се занимаваат со производство на енергија од обновливи извори, изградба на централи или поврзани консултантски услуги, истите меѓусебе ги споделија предизвиците со кои се соочуваат при административните постапки и предложија мерки за подобрување на истите.

По искажан интерес од страна на компаниите на претходната седница, проф. д-р Илија Насов одржа презентација на тема „Renewable solar district heating"(Топлификација преку користење на соларна енергија) преку која компаниите дополнително се запознаа со можноста потенцијалот на соларната енергија да се користи во процесот на топлификација на згради, региони, како и градови. Групацијата на обновливи извори на енергија ги поддржува иницијативите за разгледување на можности за максимално искористување на обновливите извори и дисперзирање на производството на енергија од истите.

# ЗГОЛЕМЕН ИНТЕРЕС ЗА УПИС ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ




Тргнувајќи од бројките кои ја прикажуваат реалната состојба за уписите во средното образование, очигледно е, дека даваат резултат напорите што ги прави Стопанската комора сите овие години во процесот на афирмирање и имплементирање на дуалното образование и истакнување на потребата од зголемување на бројот на ученици кои завршуваат стручно образование со можност за нивно вработување.

Како факт, од вкупно 15.481 запишани ученици во учебната 2023/2024 година, 10.277 ученици или 66,4 % се запишани во средното стручно образование, додека 4.603 ученици или 29,7% се запишани во гимназиско образование. Мал процент околу 3,8% отпаѓа на ученици запишани во уметничкото образование и спортската гимназија.

Исто така, афирмацијата на дуалното образование како инвестиција во реалниот сектор и можност компаниите да учествуваат во креирање на потребниот кадар, што е особено важно за економскиот развој на една земја, покажа дека образовните институции почнаа да соработуваат со бизнис секторот за креирање функционално и пазарно-ориентирано стручно образование и разбивање на стигмата дека во стручното образование се запишуваат само слаби ученници.

Целото интервју од гостувањето м-р Наташа Јаневска, проектен менаџер во стручната служба на Стопанската комора и претседател на Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките, можете да го погледнете на видеото во текстот.

Линк: https://play.mrt.com.mk/play/63646



# КОМПАНИЈА „РОНТИС" ОД ВЕЛЕС ДАВА КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ СОРАБОТКА СО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА




Социјализацијата на учениците во реална работна средина е една од главните карактеристики на дуалниот модел на образование, а за компаниите тоа претставува придобивка бидејќи ги подготвуваат идните вработени според својата организациска структура и своите потреби.

Велешката компанија „Ронтис" ДООЕЛ, како општествено одговорна компанија и социјален партнер која активно учествува во подготовката на својот кадар, дава континуирана поддршка на образовниот систем преку соработка со средните стручни училишта во општина Велес. Во текот на месеците јуни и јули 2023 година, учениците од ССОУ „Коле Неделковски" ја реализираат својата феријалната пракса во „Ронтис", компанија верификувана за реализација на практична обука, водени од искусни ментори во компанијата, каде учат во реална работна средина и на конкретни задачи соодветни на квалификацијата која ја изучуваат и се стекнуваат со потребните вештини за извршување на задачите: ефективно, иновативно, самостојно и во соработка со другите.

Верификацијата на компанијата "Ронтис" ДООЕЛ, како и обуката и сертификацијата на менторите беше реализирана од страна на Стопанската комора која се грижи за квалитетот на реализацијата на практичната обука на учениците во компаниите.

# ЦЕЛОСНО ДА СЕ СТОПИРА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА СОЛИДАРНОСТ



Бизнис заедницата сака систем и предвидливост, а не ад хок решенија со кои се создава неизвесна деловна клима и се дестимулираат компаниите за инвестициски активности, беше констатирано на прес конференција на која претседателот на Стопанската комора Бранко Азески, потпретседателот Зоран Јовановски и извршниот директор Антони Пешев уште еднаш укажаа на потребата за целосно стопирање на постапката за носење на предлог-законот за данок на солидарност. На оваа тема Стопанската комора преку највисоките тела и форми на делување реагира веќе подолг период и укажува дека вакво законско решение има неколку кратно негативно влијание за бизнис климата.

Прво, се создава селективен пристап затоа што се опфатени само поголемите компании кои остваруваат приход поголем од 615.000.000 денари, второ, се врши оданочување на добивката што ја оствариле компаниите, независно дали истата е резултат на пазарните услови (остварена екстра добивка поради движења на пазарите на енергенси или други причини кои довеле до конјуктурни поместувања на пазарот) или е резултат на нивното работење, односно резултат на зголемени инвестиции, подобрена продуктивност, освојување на нови пазари и сл., трето, влијае дестимулирачки на успешните компании, кои се инвестициски ориентирани, односно во неповолна положба се доведуваат компании кои инвестирале во претходните години.

Во таа насока претседателот Азески уште еднаш укажа на потребата од потпишување на Декларацијата што Комората ја донесе минатата година и зад која стојат МАНУ, универзитетите во земјава, Организацијата на работодавачи, Делегацијата на германското стопанство и Занаетчиската комора. Тоа, нагласи, ќе значи национален консензус околу клучните прашања и гаранција за спроведување долгорочни економски политики, односно „враќање од партиската кон државната агенда“.



Мора да престане практиката на носење закони по брза постапка. Имаме 250 странски инвеститори и 15 000 наши членки кои бараат систем и предвидливост. За бизнисот тоа е клучно. Никој не е против да плаќа даноци, но не може преку ноќ да се менуваат правилата. Тоа што ќе се договори, треба и да се имплементира, рече Азески.

Според него, излезното решение е во потпишувањето на Декларацијата, во склучување договор меѓу државниот и приватниот сектор со кој би се регулирале меѓусебните односи. Тоа може да се направи во наредните недели и месеци. Од наша страна се е кажано, но имаме сериозен проблем со имплементацијата. Мора да научиме да почитуваме принципи, а не да ги менуваме со секоја промена на власт. Не можам да речам дека институциите не не сослушале, но работата е во имплементацијата, да се спроведат постапките за да се дојде до решенија најдобри и за бизнисот и за граѓаните, подвлече претседателот на Комората.

Потпретседателот Јовановски, посочи дека од клучно значење за бизнисот е постоење даноен календар на кој Комората инсистира повеќе години. Даночниот календар значи дека заклучно со 30 јуни тековната година, државата ќе му соопшти на бизнис што е она што се менува или се воведува ново во сферата на даноците или други давачки, а ќе важи од 1 јануари. Така, бизнис секторот ќе има можност во текот на втората половина од годината, кога ги прави своите финансиски планови за наредната година, да ги вгради ефектите кои ќе произлезат од новите законски или подзаконски решенија, објасни Јовановски.

Често досега, рече, нови законски решенија се предлагаат во ноември, декември, на веќе донесени финансиски планови, што предизвикува голема нерамнотежа во неработењето на компаниите. Сега сме веќе јули, па какво било ставање на вакво решение како Предлог-законот за данок на солидарност, оди директно во спротивност со Даночниот календар, истакна Јовановски.

Извршниот директор на Комората, Пешев предочи дека не може во сопствената држава да биде казнет оној што во изминатиот период бил успешен зашто се наметнал на новите пазари и остварил екстра добивка. Секогаш кога се носи закон со социјална димензија и во кој селективно се собираат приходите од најуспешните, тогаш мора да се има и програма како ќе биде распределен. Солидарноста се однесува на компаниите ако тие навистина ја злоупотребиле својата монополска позиција на пазарот и создале екстра профит на штета на граѓаните, но тука за тоа не станува збор. Дополнително, значен дел од фирмите кои ќе бидат засегнати се од категоријата компании со странски инвеститори за кои ова е неразбирливо зашто апсолутно не било ниту предвидено, ниту најавено, туку ретроактивно им се зема дел од добивката што драматично ќе делува на нивната глобална позиција и на пазарите каде котираат. На тој начин не смееме да продолжиме.

Анализа за сивата економија изработена од сксм - „сивиот дел“ на македонската економија: големина, импликации, решенија

# САМО БИЗНИСОТ МОЖЕ ДА ЈА ИЗВЛЕЧЕ ЕКОНОМСКИ ДРЖАВАТА




Време е после 30 години државата да направи пресек и да ја стави економската активност како врвен приоритет. Само така може да очекуваме и економски развој и подем, истакна претседателот на Стопанската комора Бранко Азески, на прес конференцијата на која беа презентирани наодите од анализата за сивата економија изработена од м-р Зоран Јовановски потпретседател на Стопанската комора, м-р Павле Гацов даночен експерт и член на УО на СКСМ и проф. Александар Стојко, член на Собранието на Комората.

Претседателот Азески констатираше дека за бизнис заедницата решавањето на проблемот со сивата економија е едно од круцијалните прашања. Како Комора која ги претставува компаниите кои придонесуваат со половина од вкупниот приход создаден во приватниот сектор, близу 50% од нето добивката во приватниот сектор ја генерираат компаниите членки на Комората и фактот дека секој трет вработен во приватниот сектор работи во фирма членка на СКСМ, не обврзува како бизнис асоцијација во кој правец да се движиме и дека сивата економија ќе биде едно од клучните прашања за кои ќе иницираме активности во периодот што следи. Посочи и дека нема инвестициска активност во држава со висок процент на сива економија. Ние се наоѓаме во зачаран круг веќе три децении и затоа како бизнис праќаме апел, покрај црна листа која ја објавува Управата за јавни приходи за деловни субјекти кои не ги плаќаат редовно давачките да постои и бела листа, за да се види кои се субјектите кои се однесуваат одговорно во државата.



Во услови на нефункционална правна држава и правосуден систем, нефункционален пазарен модел, единствено врзно ткиво мора да биде економијата. И сето ова вели Азески, упатува на фактот дека е повеќе од нужно сите чинители во општеството да бидат потписници на нов договор за дефинирање на економските приоритети на државата.

Креаторите на анализата м-р Зоран Јовановски и м-р Павле Гацов, говореа за негативните импликации од високиот процент на сива економија, негативните импликации од истата, но беа понудени и предлог решенија.

Мотивација за анализата вели Јовановски била преку факти и бројки да се покаже дека наместо зголемување на даноци и воведување нови секогаш кога недостасуваат пари во буџетот, да се применат мерки со кои ќе се намали и формализира сивата економија, бидејќи таа негативно се одразува на финансиската кондиција на компаниите што работат согласно законите, ја нарушува пазарната (лојалната) конкуренција, го ограничува растот на економијата, ги оштетува јавните финансии, буџетот на државата и социјалните фондови. Во анализата е констатирано дека последиците од постоење на сивата економија се, поткопување на владеењето на правото, опасност од преобликување на општеството што укажува дека ова прашање не е само економско туку и длабоко општествено прашање.

Врз база на резиме од 28 студии беа посочени факторите што ја детерминираат сивата економија, како и фактот дека таа изнесува 33,2% од БДП, што споредено со просекот на ЕУ 27,19,4% е голема разлика. Во 2022 година „сивиот дел“ на македонската економија изнесува 4,2 милијарди евра, во државниот буџет истата година се изгубени приходи за 1,28 милијарди. Или ако се сведе сведе сивата економија на нивото на ЕУ, поголеми приходи во буџетот на државата би имало за 450 милиони евра годишно.

Павле Гацов укажа дека за намалување на процентот на сива економија потребна е политичка волја и бескомпромисен пристап. Вели дека постојат владини документи за борба против сивата економија но нема информација за резултати од истите. Во Анализата се предвидуваат и мерки за борбата против сивата економија преку поголеми инспекциски активности, регулирање на нерегистрирани е-трговци и доставувачи, елиминирање на пропусти во работењето на менувачниците и практиката на неиздавање на фискални сметки.

Се предлага и поголема организираност преку воведување регистри на вршители на е-услуги (програмери и сл.) за потребите на странски економски субјекти и регистри на вршители на услуги во земјата (услуги од областа на домаќинствата, други услуги, итн.), координација на институциите преку електронско поврзување на сите соодветни бази на податоци кај УЈП, како и формирање тело за соработка помеѓу УЈП и деловните даночни обврзници. Учесниците на денешната прес конференција вела мерките се познати, треба само да се применат!

# ВРСКАТА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И БИЗНИС СЕ ЗАЦВРСТУВА



Проф. д-р Дарко Лазаров кој е член на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија и претседател на Клубот на извозници при Комората, на 229 тата седница на Ректорската управа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 4 јули 2023 година, на предлог на Ректорот проф. д-р Дејан Мираковски, едногласно е избран за Проректор за развој и инвестиции на Универзитетот.

Со изборот на проф. д-р Дарко Лазаров кој паралелно со својата професорска кариера, исклучително професионално се етаблира и во бизнис делувањето како поддржувач на иницијативата на претседателот на Комората Бранко Азески за поддршка на процесот на индустријализација како основа за економски раст и развој на државата. Истовремено работи на повеќе анализи, истражувања и поддршка на иновативни вложувања во компаниите со цел поттикнување на техничко технолошкиот процес во македонските компании и со тоа зголемување на конкурентноста на домашниот производ на странските пазари.

Со изборот на професор Лазаров за Проректор за развој и инвестиции на Универзитетот УГД Штип, врската помеѓу образованието, науката и бизнисот се зацврстува и се создава основа за продлабочување и интензивирање на соработката на Стопанската комора како најголема бизнис асоцијација во државата со академијата со крајна цел зголемување на конкурентноста на бизнис секторот.





СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
12.07.2023

# САЈБЕР-БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Во ера на дигитализација на работните процеси, дигиталната безбедност и приватноста се соочуваат со растечки предизвици. Оттука, несомнено се наметнува потребата од фокус врз дигиталната безбедност и врз навременото идентификување, пресретнување, како и соодветно и навремено одговарање на ризиците, за да се спречи определен настан кој би имал негативен исход врз работењето на компанијата.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 12 јули 2023 година организира „онлајн" семинар на тема „САЈБЕР-БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ".

Овој семинар ќе им овозможи на учесниците да се здобијат со основни и со напредни знаења и вештини за управување со информациската безбедност и со заштитата на податоци, како и со актуелните ИТ-закани со кои можат да се соочат сите деловни субјекти. Семинарот овозможува учесниците постепено да се запознаат со ИТ-безбедноста и со чекорите што треба да се преземат за превенција и за заштита, како на ниво на компанија така и на индивидуално ниво.

Семинарот е наменет за ИТ-менаџери во компании, за раководители и вработени во ИТ-сектори кои се задолжени за развој на софтвер, тестирање на функционалности и за квалитет на софтверот, како и за ИТ-поддршка; за ИТ-сервис менаџери и за ИТ-проектни менаџери, за вработени во службите за безбедност на информациските системи, за интерни и екстерни ревизори, за вработени кои работат на развој на софтвери, како и на деловни и клиентски апликации, за лица задолжени за креирање и за контрола на ИТ-договорите и за следење на ризикот над екстернализираните ИТ-процеси, за вработени кои работат на развој на софтвер, за вработени во деловните сектори кои сакаат да го зголемат нивото на контрола над своите ИТ-процеси, како и за оние кои се занимаваат со развој на нови услуги преку дигитализација на работењето (електронски бизнис, мобилни услуги и сл.); за оние кои имаат потреба од заштита на информации за клиентите и за деловното работење поради висок степен на одговорност, регулаторни барања и на ризици во секојдневното работење.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Анита Митревска | м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова |
| ++ 389 2 3244057 | ++ 389 2 3244074 |
| anita@mchamber.mk | beti@mchamber.mk |




Семинар
17.07.2023 -
18.07.2023

# СОВЛАДУВАЊЕ НА БИЗНИС АНАЛИТИКАТА: ОТКЛУЧУВАЊЕ НА МОЌТА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ

Во модерно бизнис опкружување, се почесто компаниите со соочуваат со тешкотија за систематизирано управување со податоци, земајќи предвид дека секој податок може да се трансформира во вредна информација која може да биде од особено значење за секој менаџер при носењето на деловна одлука.

Дали сте подготвени да го поставите вашиот бизнис на повисоко ниво и да стекнете конкурентна предност во светот на големи податоци? Стопанската комора на Северна Македонија на 17-18 јули 2023 година, организира дводневен онлајн семинар на тема: „Совладување на бизнис аналитиката: Отклучување на моќта на податоците за конкурентска предност". На дводневниот семинар учесниците ќе се запознаат со тоа како новите технологии ја преобликуваат иднината во бизнис пејзажот и како искористувањето на потенцијалот на големите податоци може да обезбеди донесување на подобри одлуки. Во првиот дел од семинарот ќе се навлезе во разбирањето на големите податоци, нивните извори и како ефикасно да се обработуваат и управуваат големите сетови на податоци. Следно ќе се истражат столбовите на бизнис аналитиката (дескриптивна, дијагностичка, предиктивна, перскриптивна и когнитивна аналитика), овозможувајќи да стекнете делотворни сознанија од вашите податоци. Во текот на семинарот ќе навлеземе и во различните методи и техники релевантни за секој столб на бизнис аналитика. Практичниот аспект на семинарот ќе овозможи да стекнете потребен сет на знаења и искуства, но и самодоведба во имплементацијата на анлитички решенија во сценарија од реалниот свет.

Предавач:

Д-р Виолета Цветкоска е редовен професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ во областа бизнис менаџмент.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Анита Митревска | м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова |
| ++ 389 2 3244057 | ++ 389 2 3244074 |
| anita@mchamber.mk | beti@mchamber.mk |

**Online Бизнис средби 25.07.2023 - 27.07.2023**

# КОНФЕРЕНЦИЈА И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ „CONNECTO 2022"- Интера-Технолошки парк, Мостар, БиХ, 25-27 јули 2023 година (хибриден настан)

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со ИНТЕРА-Технолошки парк, Мостар, БиХ и во рамки на ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве поканува да земете учество на претстојната конференција и деловни средби на тема: CONNECTO 2022 што ќе одржат во периодот од 25-27 јули 2023 година во Интера-Технолошки парк, Мостар, БиХ. На 25 јули 2023 година ќе биде со физичко присуство додека од 26-27 јули 2023 година билатералните средби ќе бидат онлајн.

Настанот претставува одлична можност да се воспостават контакти со партнери, клиенти и добавувачи од Босна и Херцеговина, регионот на Западен Балкан и од светски рамки.

CONNECTO 2023 претставува платформа за вмрежување меѓу бизнис дијаспората од БиХ и претприемачи од БиХ и регионот на Западен Балкан со фокус на индустријата и производството во сектори како што се:

- Металургија и обработка на метали
- Метални делови и делови за автомобилската индустрија
- Машини, опрема и алати/калапи
- Електрични елементи (кабли, прекинувачи, приклучници)
- Пластични производи
- Врати и прозорци
- Мебел и дрвени производи
- и сите други индустриски и производствени активности

Учеството на настанот е бесплатно. Целата програма ќе биде подеднакво видлива и достапна за посетителите на локацијата и за оние кои учествуваат онлајн. Настанот ќе се одржи во просториите на Технолошкиот парк ИНТЕРА како и на онлајн веб платформата. Официјални јазици ќе бидат на англиски, босански, хрватски и српски јазик.

Регистрацијата е отворена до 25 јули 2023 година на следниот линк: https://connecto.ba/signup.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk



**Брокерски настан 10.10.2023 - 13.10.2023**

# Билатерални деловни средби „Green Days" во рамките на Саемот за животна средина и енергија „Pollutec" во Лион, Франција

Стопанската комора на Македонија, во соработка со ЕЕН - Европската мрежа на претприемачи од Лион, Франција, Ве поканува да земете учество на претстојните билатерални деловни средби „Green Days" во рамките на Саемот за животна средина и енергија „Pollutec" што ќе се одржи во Лион Франција од 10-13 октомври 2023 година.

Саемот „Pollutec" е најголемиот меѓународен саем за животна средина, еколошка и енергетска опрема, технологии и услуги, опфаќа 10 сектори од областа на животната средина, енергетиката и циркуларната економија: отпад, вода, енергија, инструментација - метрологија – анализа, управување со ризици, одржливи градови, биодиверзитет и др.

„Green Days" е официјален деловен настан организиран во рамките на Саемот „Pollutec", во соработка со ЕЕН - Европската мрежа на претприемачи, а истиот е наменет за: мали и средни претпријатија; истражувачки центри; агенти; дистрибутери; финансиски друштва; изложувачи и посетители.

Сите компании, заинтересирани за учество на деловните средби, треба да се регистрираат на следниот линк: https://green-days-pollutec-2023.b2match.io/.

Рокот за регистрација е најдоцна до 30 септември 2023 година, почнувајќи од 30 јуни 2023 година.

**Учеството на настанот е бесплатно.**

Откако ќе се регистрирате, ќе може да закажете деловни состаноци преку платформата за закажување и одржување на состаноци/видео конференции, со тоа што сами ги договорате билатералните состаноци со компании од Ваш интерес. Претходно договорените сесии се со времетраење од околу 20 минути, кадешто учесниците ќе можат да воспостават комуникација и да најдат нови деловни партнери.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088